**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Број 1203-587/6**
**Скопје, 14.09.2006 година**

**До**
**РЕПУБЛИЧКИ СУДСКИ СОВЕТ**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи за 2005 година на Републички судски совет, кои се прикажани на страните од 5 до 7.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно со член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 8 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, за финансиските извештаи на Републички судски совет за годината која и претходи на годината што е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од :

   - Ленче Софрониевска, Претседател на Републички судски совет

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните 1 до 4 и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е извршена од страна на тим на Државниот завод за ревизија во периодот од 20.07. до 28.07.2006 година.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:
   - дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива,
   - дали е остварено наменско и законско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика и со извесни прифатени и спроведени корекции од страна на субјектот.

9. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната установа на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел

*Ул:"Маршал Тито"бр.12/3*
*Палата Македонија-Скопје;*
*тел: 3211-262; факс: 3126-311*

***Овластен државен ревизор***

______________________

да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека спроведената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. На ден 02.09.2006 година, добиени се забелешки на претходен извештај на овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи на Републички судски совет на сметка за редовно работење заведени под број 07-206/2 од 25.08.2006 година. Истите беа разгледани и одбиени како неосновани.

11. Со ревизијата на финансиските извештаи дадени како составен дел на овој Конечен извештај, ревизијата го утврди следното:

***11.1. Неправилна примена на акти:***

11.1.1. Не е назначен одговорен сметководител за водење на деловните книги, сметководствените документи, за обработка на податоците и изработка на годишните извештаи, поради непочитување во законската регулатива, што е спротивно на член 16 од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници. Истото има влијание на вршење контрола на трошењето средства согласно овој закон.

11.1.2. Во 2005 година поради неупатеност во законската регулатива, не е донесен Интерен акт со кој се уредуваат видовите или групите на стоки и услуги и работи и начините на набавките од мала вредност, спротивно на член 72 од Законот за јавни набавки. Ваквата состојба предизвикува спроведување на набавки од мала вредност спротивно на прописите.
Во текот на ревизијата донесен е Правилник за набавки од мала врдност за 2006 година.

**Препораки:**

1. Претседателот на Републички судски совет да назначи одговорен сметководител за водење на деловните книги.

***11.2. Неправилна примена на сметководствени политики и начела:***

11.2.1. Не е извршен попис на побарувањата и ситниот инвентар на 31.12.2005 година согласно Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници, имено, пописните листи не се усогласени со сметководствената евиденција. Истото има влијание на утврдување на состојбата на имотот и на финансиските извештаи на субјектот.

**Препорака:**

1. Комисијата за попис да врши попис согласно одредбите од Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници за вршење попис и усогласување на сметководствената со фактичката состојба.

11.2.2. За извршените набавки на материјали нема воспоставено материјална евиденција, ниту е изготвена документација за издавањето на материјалите (испратница, требување) и тоа за канцелариски материјал и средствата за хигиена, што укажува на необезбедена материјална одговорност за располагањето со материјалите како и неможност за утврдување на

постоењето на интерни контроли, согласно Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници. Ваквата појава има влијание на реалното искажување на финансиските извештаи.

**Препорака:**

1. Да се воспостави материјална евиденција на приемот и издавањето на залихите на материјали и да се изготвуваат испратници за потрошокот на ситниот инвентар и залихите на материјали (гориво, канцелариски материјал и средства за хигиена ).

11.2.3. На лице вработено како приправник во Републички судски совет испаќана е плата во полн износ наместо истата да биде намалена за 20% како што е предвидено со член 62 од Законот за државни службеници, при што повеќе е исплатена плата за 8 илјади денари. Поради претходното како ефект од вакавата појава е трошење на средствата на незаконски начин и истото има влијание на финансиските извештаи.

**Препорака:**

1. Да се почитуваат законските прописи и повеќе земените парични средства да се вратат.

12. Според наше мислење, освен за изнесеното во точките 10.2 финансиските извештаи ја претставуваат вистинито и објективно финансиската состојба на Републички судски совет на ден 31 Декември 2005 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

13. Според наше мислење, кај Републишки судски совет е остварено законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2005 година.

**14. Прифатени и корегирани неправилности од страна на Републички судски совет во текот на ревизијата:**

***14.1. Неправилности во искажување на позициите во Билансот на состојба***

14.1.1. Позициите вредносно усогласување на залихите на ситен инвентар и останат капитал во Билансот на состојба, не се правилно евидентирани за износ од 48 илјади денари.

14.1.2. Позициите опрема и државен капитал се помалку искажани за износ од 614 илјади денари а поради непресметана амортизација на истите позициите државен капитал повеќе е искажана за 8 илјади денари за кој износ помалку е искажана позицијата акумулирана амортизација (исправка на вредноста) на материјалните средства, поради неевидентиран систем за климатизација.

***Превземени мерки:***

1. Во текот на ревизијата презентирана е налог за книжење бр. 24 од 27.07.2006 година, со кој е извршена корекција на претходните позиции од Билансот на состојба.

**Скопје, 12.09.2006 година** **Овластен државен ревизор**

**Републички судски совет**
**Средства од буџетот на РМ**
**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2005 година**

| | | |
|---|---|---|
| | | **во 000 денари** |
| **Опис на позицијата** | **2005** | **2004** |
| **Приходи** | | |
| Трансфери и донации | 13,625 | 9,582 |
| **Вкупно приходи** | **13,625** | **9,582** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 10,802 | 6,770 |
| Стоки и услуги | 2,823 | 2,717 |
| Субвенции и трансфери | 0 | 95 |
| **Вкупно тековни расходи** | **13,625** | **9,582** |
| **Вкупно расходи** | **13,625** | **9,582** |

**Републички судски совет**
**Средства од буџетот на РМ**
**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ**

| | | **во 000 денари** |
|---|---|---|
| **Опис на позицијата** | **2005_** | **2004** |
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства | 1 | 1 |
| Побарувања од вработените | 6 | 6 |
| Активни временски разграничувања | 3,562 | 3,134 |
| Залихи | 0 | 37 |
| **Вкупно тековни средства** | **3,569** | **3,178** |
| **Постојани средства** | | |
| Материјални средства | 4,642 | 3,887 |
| **Вкупно постојани средства** | **4,642** | **3,887** |
| **Вкупна актива** | **8,211_** | **7,065** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 2,481 | 2,395 |
| Краткорочни финансиски обврски | 8 | 33 |
| Обврски спрема државата и други институции | 2 | 6 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 1,071 | 700 |
| Пасивни временски разграничувања | 7 | 7 |
| **Вкупно тековни обврски** | **3,569** | **3,141** |
| **Извори на средства** | | |
| Извори на капитални средства | 4,642 | 3,924 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | **4,642** | **3,924** |
| **Вкупна пасива** | **8,211_** | **7,065** |

**Републички судски совет**
**Средства од буџетот на РМ**

## ПРЕГЛЕД
## НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2005 ГОДИНА

**во 000 денари**

| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност) | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2005 година** | **3,887** | **37** | **3,924** |
| **Зголемување по основ на:** | **1,610** | **11** | **1,621** |
| Набавки | - | 11 | **11** |
| Преотстапени постојани средства | 996 | - | **996** |
| Спроведени корекции во текот на ревизијата | 614 | - | **614** |
| **Намалување по основ на:** | **855** | **48** | **903** |
| Спроведени корекции во текот на ревизијата | 8 | 48 | **56** |
| Амортизација | 847 | - | **847** |
| **Состојба 31.12.2005 година** | **4,642** | **-** | **4,642** |